**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**од Четвртото продолжение на Триесет и шестата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 10 април 2007 година**

Седницата се одржа во салата за седници на Собраниеот на Република Македонија, со почеток во 11,28 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше господин Љубиша Георгиевски, претседател на Собранието на Република Македонија.

**Љубиша Георгиевски:** Ги молам пратениците да влезат во салата и да ги завземат своите места.

Ги молам службите да ги пребројат присутните пратеници во салата.

(Службите ги пребројуваат пратениците)

Ги молам службите да ги пребројат присутните пратеници во салата.

(Службите ги пребројуваат пратениците)

Продолжуваме со работа по Триесет и шестата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците: Абдулади Вејсели, Блерим Беџети, Сафет Нелзири, Џеват Адеми, Рафис Алити, Теута Арифи, Али Ахмети, Агрун Буџаку, Фазли Велиу, Садула Дураки, Зумрете Јакупи, Аднан Јашари, Азис Положани, Селвија Салиу, Ајше Селмани, Тахир Хани, Гари Каба, Фадил Сулејмани, Арбен Џафери, Мендух Тачи, Даут Реџепи, Веле Митановски, Стојан Андов, Ружа Ѓурѓевска, Павле Трајанов, Јани Макрадули, Радмила Шеќеринска, Верица Филипова, Мери Младеновска-Ѓеоргиевска, Љубчо Георгиевски и Владо Бучковски ме известија дека се спречени да присисутвуаат на седницата.

Ве молам да притиснете на едно од копчињата на системот за гласање за да го утврдиме бројот на присутните пратеници во салата.

Имам впечаток дека имаме кворум.

Молам службите уште еднаш да го потврдат мојот впечаток, уште еднаш да ги пребројат присутните пратеници, за да знаеме прецизно и да можеме да продолжиме со седницата.

(службите ги пребројуваат присутните пратеници)

Констатирам дека на седницата присуствуваат доволен број на пратеници и Собранието може полноважно да одлучува.

**Продолжуваме со точката 7-Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за средното образование со Предлог на закон.**

Претресот по предлогот за донесување на законот е заклучен.

На Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на Закон за изменување и дополнување на Законот за средното образование.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 66 пратеник, од кои 55 гласале за, воздржани нема, и 11 против.

Констатирам дека Заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува Предлогот на оваа седница да се претресе и предлогот на закон.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 61 пратеник, од кои 55 гласале за, воздржани нема и 6 против.

Констатирам дека е усвоен Предлогот на оваа седница да се претресе и предлогот на законот.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Пратениците Мери Младеновска-Ѓеоргиевска, Тале Герамитчиоски, Верица Филипова, Благородна Цветковска, Марјанчо Николов, Цветанка Иванова, Славица Грковска, Оливер Спасовски и Ацо Киров поднесоа амандмани за бришење на член 1, за бришење на член 2 и за бришење на член 6, по кои Владата не се произнела.

Пратеникот Славица Грковска поднесе амандмани за менување на член 1 и на член 6 по кои Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот за бришење на член 1 поднесен од пратениците Мери Младеновска-Ѓоргиевска, Тале Герамитчиоски, Верица Филипова, Благородна Цветковска, Марјанчо Николов, Цветанка Иванова, Славица Грковска, Оливер Спасовски и Ацо Киров.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор претставникот на Владата.

**Сулејман Рушити:** Амандманот не се прифаќа.

**Љубиша Георгиевски:** Владата не го прифаќа амандманот.

За збор се јави господинот Тале Герамитчиоски, повелете.

**Тале Герамитчиоски:** Почитуван претседателе, почитуван министер, почитувани колеги пратеници,

Значи 3,можеби 4 дена водиме дебата по однос на Предлогот на законот за изменување на Законот за средно образование во кој што Владата сака да го реализира проектот на задолжително средно образование. Во тие 3 или 4 дена од страна на опозицијата беа поставени голем број прашања, на кои што не добивме одговори.

Уште повеќе пред тие седници се водеше една политичка дебата на ниво на политички групации позиција и опозиција, на кои што беа поставувани прашањата, на кои што беше дадено уверување дека ќе се усогласиме дека ќе добиеме прецизни одговори како тој проект во пракса ќе се реализира, какви ќе бидат позитивните одзиви од реализација на тој проект и како ќе се минизираат негативните можни импликации од реализација на тој проект.

Политичкиот дијалог беше напуштен, се пристапи, иако во јавноста беа поделени оценките кај

правните експерти дека е потребно да се направат корекции во Уставот, Владата одлучи поинаку и достави предлог на закон.

Ние суште сме убедени дека е потребно да се направат корекции во Уставот од повеќе причини и заради тоа го поднесуваме овој амандман. Затоа дебата и по изгласување на овој закон јас верувам дека ќе трае, ќе се вклучат и правните експерти, ќе се вклучи и Уставниот суд.

Во јавноста неколку месеци бевме сведоци на една невидена популистичка кампања во која што на народот им се објаснува дека лошите момци од СДСМ се противат нивните деца да се школуваат на повисоко ниво, да добиваат повисокот образование, населението да добие подобар образовен пакет со кој што побрзо ќе се вработи.

Почитувани колеги против популизам многу е тешко да се борите. Најчесто популизмот предизвикува пумпање на нереални очекувања кај народот, слепи се за сите аргументи, проблеми кои што се отвораат, не сакаат да ги слушнат. Разбирливо е долг временски период, транзициски овој народ живее на граница на егзистенција, во сиромаштија и постојано се надева дека ќе се случи чудо и дека за многу кратко време, безмалку преку ноќ ќе потече “мед и млеко”. Такво нешто нема, ниту имало во историјата, ниту ќе има. Владата тоа добро го знае, но успешно со популистичките мерки го замајува народот дека тоа ќе се случи.

Ние поставивме конкретни прашања. Јас сум вчудоневиден од реториката на премиерот кој што и деновиве пред телевизиските екрани кажа во неколку наврати дека се демократска партија кои што почитуваат дебати, која што почитува размена на мислења и која што почитува аргументи. Ние дадовме аргументи, ние поставивме прашања, ние не добивме одговор на ниедно прашање, ни во писмена, ни во усмена форма. Такви ли се аргументите? Такви ли се аргументираните дебати? Така ли тој ги замисли? Така ли ќе водиме политички дијалог? Така ли ќе ги вкрстуваме политичките мислења и ќе дебатираме тука? Не добивме ниеден одговор ни во усмена форма, ни во писмена форма, иако инсистиравме, не заради нас, заради јавноста да ги видиме основните параметри на тој проект кој што сака Владата да го реализира.

Ние не сметаме дека е тоа лош проект. Ние мислиме дека е тоа добар проект, само што не е добро осмислен, ниту ќе може да се реализира. Јас би ја кажал оценката за јавноста. Од тој проект не очекуваме ниту позитивно, ниту негативни резултати бидејќи во 2008-2009 година, кога мислите да почне да се реализира тој проект многу брзо ќе дојде таа година и повторно ќе ги ставиме аргументите на маса. Оној процент со кој што овде силно се мавташе од говорница, 17% не се опфатени во средното образование, знаете ли колку е тоа? 17% не се опфатени во основното образование. Што правиме со тоа? Како ќе реагираме таму за да дојдат во средното образование. Не добивме одговор на тоа прашање. Тоа прашање е концентрацијата на претходната Влада, на претходните политички групации беше како да го подобри постојниот систем на основно образование во милинеумските цели и да го зголеми постепено опсегот на задолжителното образование. И се започна со тоа.

Вториот силен аргумент на Владата, значи оние кои што завршиле средно образование, не го слушнавме овде на говорница, го слушнавме од премиерот, оние кои што завршиле средно образование во минатото побрзо наоѓаат работа, побрзо се вработуваат во Република Македонија.

Статистичките показатели кои што ви ги презентирав претходно не покажуваат такво нешто. 35% се невработени со завршено основно образование, 35% се со завршено четири годишно образование и уште 15% со тригодишно образование. Тоа се аргументи и каде е одговорот на тие аргументи. Или со ароганција и со самобендисаност ќе преминуваме преку тоа што зборува опозицијата, што поставува како прашање. Ќе газиме по агенда која што сме ја пишале во Програмата без разлика на позитивни или негативни импликации. Без разлика дали е тоа подготвено или не. Право да ви кажам моето чувство е дека оваа Влада силно популистички промовира проекти без никаква подготовка. Тоа можеби сега ви ја зголемува популарноста, но за краток временски период резултатите ќе покажат спротивно нешто.

И да го кажам нашиот став бидејќи вие постојано прашувате кој ви е ставот, сте или не сте. Идејата е позитивна.

Второ, условите не се добри, не се погодни, ниту има соодветна подготовка, ниту соодветна елаборација како ќе се реализира тој проект. Се одстапува од основниот принцип кој што секоја лева опција, како што е СДСМ ја застапува и во своја програма. Да, точно е, еве му одговарам на премиерот кој што кажа кај нив во Програмата немаше задолжително средно образование. Да, кај нас немаше во Програмата средно задолжително образование, кај нас во Програмата имаше образование за сите. Еднаков пристап за сите. Со ова го нарушувате вие тој принцип. Праксата ќе покаже дека тие 17% кои што сега не се запишуваат, иако Законот им го дозволува тоа можат кога сакаат да се пријават на конкурсот тие 17% и да се запишат во средното образование. Никој не им брани. Докажавте и покажавте дека капацитети можат да бидат искористени, да се примаат тие луѓе. Добивме ли ние одговор на која социјална структура припаѓаат тие луѓе. Со каква економска моќ располагаат? Бесплатно образование-што значи тоа? Дали учебниците, за кои од нив, срамежливо беше најавувано дека ќе следи еден социјален пакет во кој што на сиромашните слоеви ќе им биде понуден еден пакет бесплатни учебници за да можат тие да одговорат на законската обврска, која што сега ќе биде за средно задолжително образование. Имате ли

поим која е таа бројка? Па, безмалку цела популација е на граница на сиромаштија, што значи дека се нарушуваат уставните принципи на еднаквост на секој граѓанин. Значи секој ќе има право согласно Уставот да побара бесплатен учебник и да го добие бесплатниот учебник.

Ова се аргументи, ова се прашања на кои што не добивме одговор. Ние во политичката дебата дадовме условна поддршка на овој закон. Тоа е точно. Оние кои што беа, Трајко Вељановски е тука, Силвана Бонева не ја гледам, знаат дека ние дадовме поддршка, но условна со надеж, со сугестии, со предлози. Немаше телевизиски камери, немаше можност да се претставуваме пред јавноста дека сме ние спасители итн. Ние најдобронамерно за овој народ покренавме низа прашања, сугерираме како да се одговори на тие прашања. Да се даде одговори, не добивме одговори. Не добивме одговори, ниту бевме удостоени, јас лично имам забелешка зошто при едно вакво сериозно дебатирање господине министер требаше да не удостоите да бидете присутен тука. Ако ништо друго да размениме мислења, да размениме ставови, да не убедите во вашата добра намера. Мислам дека со ниеден потег не покажавме дека сакаме без аргументирано да напаѓаме само заради политички поени. Сакаме овој проект да успее. Не добивме уверување дека овој проект ќе успее. Затоа го поднесуваме овој амандман, бидејќи што ќе се случи 2008/2009 година. Тие 17% на население кој што нема никаква економска моќ најчесто се од руралните средини, најчесто остануваат на нивите да ги работат имотите, да работат во земјоделието и не ги пуштаат во средното образование. Ќе се случи истата слика. Ве прашувам дали ќе го употребите механизмот во Законот да ги казните по 1.000 евра. Набрзо ќе дојде 2008/2009 година и тоа ќе го видиме.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

За реплика се јави пратеникот господин Владимир Ѓорчев, повелете.

**Владимир Ѓорчев:** Господине Герамитчиоски ви благодарам за дискусијата. Ги кажавте работите околу кои што дебатиравме и споревме изминатите 5-6 дена. Не е точно дека не се понудени никакви аргументи, напротив понудени се бројни аргументи и над се понудена е логиката на здравиот разум. Јас ќе употребам еден пример кој што секој ден можеме да го видиме, секој ден го имаме како ситуација, а тоа е дека денес основно образование во Република Македонија многу, навистина многу тешко може да се најде работа. Погледнете ги огласите кои што ги има секојдневно во весниците и секаде се бара минимум средно образование, се бара англиски јазик и се бара работа со компјутери. Независно дали станува збор за работа во фабрика, дали станува збор во сервисниот сектор, дали станува збор за рецепционер, за келнер, или било кое занимање. Едноставно се бара минимум средно образование, англиски јазик познавање на компјутери. Каде можат тоа луѓето да го добијат ако не покрај во основното и во средното образование.

Господине Герамитчиоски, пред 20 години, за човек да работи во авто-сервис, понекогаш беше доволно и основно образование. Денес за да се работи во авто-сервис, верувајте, со сите нови техники, со сите нови технологии, со сите компјутери, со сите новини кои се појавуваат, потребно е минимум средно образование.

Велите, дали се подготвуваат услови за воведување на задолжително средно образование. Да. Еве конкретно викендов почна со градба на новото средно училиште во Шуто Оризари. Со приватно јавно партнерство ќе се изградат уште нови 100 училишта и во средното и во основното образование. Што е тоа ако не сериозна подготовка на оваа држава за задолжителното средно образование. И сега доаѓаме до клучното прашање, а тоа е дали за Република Македонија и за поединци кои треба да влезат во образованието, после и да најдат работа и за економијата, подобро е да имаме зголемување на луѓето кои ќе имаат средно образование. Тоа е добро. Дали оваа мерка ќе го зголеми опфатот на влегување во средно образование? Да, ќе го зголеми опфатот. Дали сите ќе бидат покриени со ова задолжително средно образование? Не, затоа што тоа го нема ниту во најидеалните општества, но сигурно ќе го зголеми опфатот и тоа ќе биде добро за стотици па дури и илјадници поединци во Република Македонија и за македонската економија и за пазарот на работна сила и за вкупната компетитивност. Така што, мислам дека тоа се аргументите и тоа е проектот во кој влегуваме.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Три минути контра реплика за господинот Тале Герамитчиоски.

**Тале Герамитчиоски:** Господине Ѓорчев, вие изгледа не сакате да се разбереме. Не ми одговоривте на едно просто прашање, а тоа е што сега еден обичен граѓанин на оваа држава го спречува да се пријави во постоечкиот конкурс за средно образование? Законот ли треба да се менува, кога со постојниот Закон му е овозможено, дадена му е слобода да се пријави. Вие не давате одговор на прашањето зошто не се пријавувале до сега. Мислите дека ниеден родител не сака своето дете да го школува понатаму? Сака. Прашање е на материјалните услови.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Три минути реплика за господинот Трајко Велјаноски.

**Трајко Велјаноски:** Благодарам претседателе.

Искрено да ви кажам немаше да се јавам, но бидејќи ме прозва господинот Тале Герамитчиоски да му одговорам.

Точно, ние учествуваме во тој дијалог во однос на задолжителното средно образование и можам да кажам дека главен водач од страна на опозицијата, дали има потреба или нема потреба

од задолжително средно образование, беше колегата Тале Герамитчиоски. Тој буквално бараше поединости како ќе изгледаат училиштата, како ќе бидат дисперзирани, од колку броја на ученици ќе бидат составени. Целосно му беа доставени сите материјали од Министерството за образование, тотален преглед како ќе се движат работите во однос на задолжителното средно образование. Дури на едно прашање, колегите кои учествуваа во тој дијалог, дали, бидејќи колегата бил во Министерството за образование како заменик министер, дали Република Македонија има капацитет сега, без Законот за задолжително средно образование, лицата кои ќе се пријават во средно образование ги исполнуваат условите за да можат да завршат средно образование. Одговорот од негова страна беше, да има капацитет, но нема потреба да биде со закон задолжителното средно образование и да биде со мерки по однос на задолжителното средно образование.

Господине Герамитчиоски, чувствувам и сега и тогаш чувствував дека ви е криво што вие кога бевте во Министерството за образование оваа идеа не успеавте да ја промовирате и не успеавте да влезе во тек со законските норми. Како и обично, не само кај вас туку и кај вашата партија, секогаш кога има некоја идеа од некоја политичка партија вие до танчина наоѓате некои мани затоа што сметате дека на тој начин некој добар потег на било која влада, на било кој предлог од кое министерство, ако не е произлезено од вас, не е добро. Мислам дека не треба да одиме на таа позиција и еднаш, како што кажавте вие, да се произнесете дали сте за задолжително средно образование. Вие велите да, но гледајќи го листингот на гласањето, вие при првата потреба од донесување на закон за средно образование, измените и дополнувањата, вие гласавте против со тоа што на јасен и недвосмислен начин искажавте дека сте против задолжителното средно образование. Мислам дека не треба да одиме демагошки, треба да бидеме практични и сепак таа практика да биде добра за сите граѓани на Република Македонија.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Една минута контра реплика за господинот Герамитчиоски.

**Тале Герамитчиоски:** Колега Велјаноски, ќе ви одговорам.

Ние ја поддржуваме идеата за средно задолжително образование, но сметаме дека вие немате ниту соодветна проекција како ќе го реализирате тој проект, ниту имате капацитети и овој проект ќе го донесете до фијаско, до толку негативни импликации што не ќе можат да се поправат со години нанапред и затоа не ве поддржуваме во реализација на таа идеа сега во овој момент, бидејќи со ништо не не уверивте дека сте се подготвиле за реализација на тој проект. За тоа што го кажувате, постојано сте незадоволни, ви кажавме, публикувајте ги тие проекти. Знаете ли како се прави проект, или не знаете? Ако не знаете ние ќе ви покажеме.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Три минути реплика за господинот Илија Димовски.

**Илија Димовски:** После вакви арогантни контра реплики не знам дали воопшто има потреба да реплицираме во насока на водење дијалог и соочување на аргументите. Меѓутоа, сепак во интерес на јавноста јас ќе го кажам тоа што имав намера, иако очекувам повторно, исто како спрема господата Велјаноски и Ѓорчев , колегата Герамитчиоски од позиција на ароганција да се обиде да одговори. Значи неговата дискусија воопшто не беше насочена можеби ниту кон амандманот, ниту нешто посебно кон законот, беше едно политичко резиме на ставовите на СДСМ изнесени во претходните 3-4 дена дискусија која беше обемна и поради тоа што се изнесоа многу информации, јас сметав дека нема потреба од едно резиме, меѓутоа очигледно колегата Герамитчиоски сфатил дека во јавноста СДСМ го промаши пристапот кон овој закон поради тоа што над 80% од граѓаните го поддржуваат овој проект на Владата на Република Македонија, па мораше некако да направи увертира и одново да ги извади на површина таканаречените аргументи на СДСМ, зошто СДСМ е против воведување на задолжително средно образование. Јас сакам да негирам дека нема податоци, но или колегата не прочитал доволно или доволно не бил присутен на дебатата во Собранието. Податоци беа изнесени од страна на претставниците, тоа го има во материјалите што ги добивме и секој што сака да ги види може да ги види.

Која е смислата на донесување на овој закон?

Оваа Влада пристапи кон решавање на проблемите во образованието, генерално и концептуално. Тоа е еден дел од реформите кои се прават во образованието. Ние во Република Македонија имаме фактичка состојба во која огромен дел од граѓаните на Република Македонија имаат недоволен степен на образование. Компаративно, со другите земји од Европа ние заостануваме децении и децении во степенот на образование. Значи мора да се преземат итни и рапидни мерки за подобрување на образовното ниво на граѓаните на Република Македонија. Оваа Влада покрај овој проект го прави проектот за компјутеризација на училиштата во Република Македонија, прави проект за основање на нов државен универзитет во Штип, прави проект за воведување на веронаука во образованието. Во Буџетот за 2007 година беа предвидени односно се предвидени над 100% повеќе средства за капитални инвестиции во образованието. Започна проект за градење на нови училишта преку јавно приватно партнерство. Значи ова е еден дел од еден целокупен проект на оваа Влада за зголемување на степенот на образованост на нашата нација.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Една минута контра реплика за господинот Герамитчиоски.

**Тале Герамитчиоски:** На ароганција се одговара со ароганција. Така е во животот. Кога поставувате прашања а никој не ве удостојува со одговор, нели е тоа ароганција?

Ако вие сте убеден дека овој проект ќе биде успешен, гласајте за него. Ние не ве спречуваме во тоа. Ние дадовме соодветна аргументација дека тој не може да биде реализиран. Вие неа не ја прифаќате и добро. Сето тоа што го кажавте е во најава. Кога ќе дојдат резултатите, позитивни или негативни, ние пак ќе бидеме тука и ќе почнеме да дебатираме за резултатите и кој прв кажал, кој прв почнал, кој кажал, кој не кажал, кој завршил, кој не завршил.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Господине Неждет Мустафа на чие излагање е вашата реплика.

**Неждет Мустафа:** На излагањето на Влатко Ѓорчев.

**Љубиша Георгиевски:** Жалам, но никој нема право да дава реплика на реплика. Има право само на контра реплика. Затоа ве прашувам.

**Неждет Мустафа:** Добро, тогаш после ќе барам процедурално.

**Љубиша Георгиевски:** Се е тоа јасно.

Збор има пратеничката Славица Грковска.

**Славица Грковска:** Благодарам претседателе.

Сакам само кратко, со оглед на тоа што прилично долго дискутиравме за аргументите, меѓутоа сметам и покрај тоа што моите колеги од парламентарната позиција сметаат дека во јавноста впечатокот не сме успеале да го наметнеме, сепак сметам дека е потребно, заради тоа сме и пратеници, да ги искажеме нашите дилеми и да посочиме на одредени прашања и проблеми кои доколку не се подготвени, можат да имаат сериозни импликации на подготовка на еден ваков проект.

Прво морам да кажам дека гласавме против потребата за донесување на овој закон заради тоа што сметаме дека регулирањето на прашањето за задолжително средно образование треба да биде уставна категорија, исто како што е регулирано прашањето за задолжително основно образование. Сметаме дека не станува збор за концепција од страна на Владата заради тоа што потезите кои оваа Влада ги влече во образованието, најмалку наликуваат на некаква концепција, туку на ад хок решенија, избрзани решенија, непромислени што ќе покажат дека имаат многу сериозни импликации.

За парламентарното мнозинство не беше прифатливо побрзо да расправаме за измените на Законот за високо образование кои се однесуваат на нострификацијата на дипломите само заради тоа што беше предложен од пратеници од СДСМ и јас можам да ви ги прочитам имињата. Меѓутоа, тоа не покажува зрелост од парламентарното мнозинство дека е подготвено да расправа за итноста на прашањата кои ги регулираат законите и за реформите кои треба да се прават, како што беа законите за Јавно обвинителство и Совет на јавни обвинители, туку напротив е насочен само на популистички мерки. Меѓутоа, популизмот може и секогаш е меч со две острици. Може да играте на картата на популизмот одредено време се додека не ви се врати како бумеранг.

Сметам дека овој амандман треба да се прифати заради тоа што самиот министер за образование во неговата дискусија, кога го образложуваше овој закон го кажа следното:

“Има безброј прашања во врска со задолжителното средно образование или за реформите генерално во образованието, дали воведувањето на средно образование е навремено, дали е вистински потребно, дали сме ние во можност да реализираме. За да дадеме научно докажан одговор на овие две прашања, прво треба да направиме експерименти”.

Значи самиот министер објави дека станува збор за експерименти. Она на што ние се спротивставуваме е да престанат експериментите во образованието. Секој несериозен предлог, секој експеримент во образованието има сериозни последици. Самиот факт дека министерот го признава тоа дека е експеримент, укажува на тоа дека ова е несериозен и избрзан предлог на Владата. Ние не зборуваме за експерименти во физиката, како што вели и самиот министер, туку за експеримент во образованието, како што вели министерот, што може да има сериозни импликации. Се надевам дека министерот се уште стои зад ваквите зборови, а со тоа и парламентарното мнозинство затоа што ги прифати неговите аргументи. Значи, ние сметаме, прво дека ова прашање треба да се регулира со Уставот. Тоа го сметаше и Владата заради што почна преговори со парламентарните партии за изменување на Уставот во оваа насока. Второ, сметаме дека ваков проект треба сериозно да биде подготвен.

Во Хрватска, заради што претставникот на Владата, министерот за образование, се потруди да ни го донесе и министерот за образование на Хрватска за да не убеди колку проектот е добар, дека Хрватите го направиле и дека покажале успешни резултати, за после една недела да видиме дека Хрватите се откажаа од овој проект токму заради тоа што има бројни дилеми и покрај тоа што Хрватите три години претходно го подготвуваа овој проект, токму заради тоа што имаа големи дебати околу тоа дали треба уставна категорија да биде оваа идеја, или не и Хрватите го одложија заради тоа што сметаат, се додека не се расчистат сите дилеми, не е добро таков проект да се имплементира. За жал, ние, мој впечаток е дека Владата избрзано прифаќа други идеи кои се добри како идеи, меѓутоа и најдобрата идеа ако сакате да ја применувате без никакви подготовки и во лошо време, може да биде катастрофална. Затоа го убедувам парламентарното мнозинство и граѓаните на

Република Македонија, нашата позиција да ја сфатат само во тој правец. Затоа сметам дека уште еднаш треба да размислите, а доколку не во спротивно да бидете подготвени да ги сносите сите консеквенци од едно вакво избрзано решение. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

За збор се јави министерот за образование и наука господинот Рушити.

**Сулејман Рушити:** Сакам само да исправам нешто во говорот на пратеничката Грковска односно во делот каде ја прочита реченицата само делумно и така уште повеќе влева страв кај граѓаните. Го прочита само тоа до зборот експеримент.

Јас сакам да направам само една исправка за да биде целосно сфатена мислата, така како што јас сум ја кажал, па ќе го прочитам тој дел.

“За да дадеме научно докажан одговор на овие две прашања, прво да направиме експеримент, но во општеството не се можни експерименти како во физиката. Тука се можни само споредби, само истражувања на искуството на оние кои пред нас го направиле она што ние сега сакаме да го направиме и учењето од нивното искуство”.

Мислам дека е јасно што сум сакал да кажам со тоа. Тоа како прво.

Второ, само за ваша информација, Хрватите не се откажале од Законот за задолжително средно образование. Значи тоа е информацијата.

Што се однесува до Предлог измените на Законот за високо образование, во моментот кога вашата пратеничка група доставила амандман, Предлог за измена, законот веќе беше во процедура на Влада. Значи, ако веќе зборувaате за популизам тоа е прво.

Ако смеам, едно прашање, дали и за тој Предлог на закон, само поради тоа што не е од ваша страна, ќе речете дека е забрзан, дека не е добар и дека не оже да се имплементира.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Претполагам дека госпоѓа Славица Грковска има реплика. Исто така, господин Тале Герамитчиоски претполагам дека има реплика. Да одиме по тој редослед.

Повелете, госпоѓа Грковска, вашите три минути.

**Славица Грковска:** Прво, господине министре вас лошо ве информирале. Нас на Комисијата за образование и наука ни рекоа дека не се измените на Законот за високо образование во владина процедура, така што кога станува збор за популизам и такви обиди, тука сте ненадмашливи и тука не можеме да се натпреваруваме. Меѓутоа, кога зборувате, сега да се вратиме на Законот за средно образование, затоа што за Законот за високо образование ќе имаме можност да дебатираме, начинот на кој што се однесувате е дискутабилен и само укажува на несериозност. Вие укажувате дека се можни споредби. Тоа е точно. Меѓутоа, има негативни и позитивни искуства. Вие никаде не кажавте какви споредби сте направиле и кои се позитивните, а кои негативни искуства. Јас не знам од каде ви е информацијата дека Хрватите не се откажале, меѓутоа на сајтот, официјалниот сајт на Министерството за образование на Хрватска нема таква информација. Затоа, ве упатувам подобро да се информирате.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Реплика има господин Тале Герамитчиоски, повелете.

**Тале Герамитчиоски:** Иако не е предмет на дискусија Законот за високо образование, ама министерот сакаше да отвори дебата и се поставува прашањето зошто ние сме постапиле кон тој чин и сме предложиле закон, па ние 6 месеци упорно од оваа говорница баравме, поставувавме прашање до министерот, каде е Законот за високо образование. Откако ние ја поднесовме таа иницијатива со Предлог на закон во делот на дострификацијата на дипоmembers и признавање на компетенции и знаења на дипломи стекнати во странство, тогаш на Владата и текна дека треба да го издвои делот од Законот за високо образование, кој што патем уште го чекаме во Собранието да дојде и уште е поитна потребата од останатите делови на Законот за високо образование за нормално функционирање на реформите во високото образование согласно со Болоњската декларација, ние не добивме одговор. Поставивме закон и вие го ставивте на дневен ред точка 22, бидејќи нема потреба од толкава итност, но Владата процени дека има потреба од толкава итност и го постави како точка еден на наредна седница и ние сме среќни и задоволни што сме извршиле притисок. Целта ја постигнавме. Извршивме како опозиција притисок на Владата и тој притисок влоди со плод и ја натеравме Владата да излезе со Предлог на закон, кој ќе го видиме и ако е добар ќе го поддржиме, се во интерес на граѓаните на Република Македонија, за кои што впрочем треба и Владата да работи.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Господинот министер за образование има збор, повелете.

**Сулејман Рушити:** Благодарам.

Јас воопшто не сакав да се отвори дебата за Законот за високо образование. Тоа од ваша страна се отвори. Тоа прво.

Второ, вие навистина упорно прашувате, упорно 7 месеци, ама ние упорно 4 години прашувавме каде е Законот за високо образование. Значи, 7 месеци и 4 години има разлика. За ваша информација, веќе на веп сајдот на Министерството за образование и наука е објавен текстот на новиот закон за високо образование. Тоа е прво.

Второ, кога реков во процедура, самите знаете дека законот или Предлог измена и дополнување на закони, прво, поминува на комисиите, па од комисии се разгледува. Значи, ние за тие Предлог измени и дополнувања на Законот за високо

образование работиме уште на почетокот на нашиот мандат. Среќни сме што на сите тие граѓани кои студирале надвор ќе им овозможиме нивното искуство, знаење што го стекнале надвор, ако е многу важно и потребно за Македонија, ќе можат да влезат на пазарот на трудот. Тоа е единствената наша цел, што побрзо да го решаваме тој проблем. За ваша информација, од почетокот на нашиот мандат ние почнавме да работиме на Предлог измена, особено во делот на еквиваленција и во делот на признавање на дипломите. Но, тоа не е важно, важно е дека ќе се донесе, ќе има предлог и тие студенти, тие граѓани ќе можат побрзо да се стекнат со признавање на дипломата. Меѓутоа, тоа е за друг закон. Вие ја отворивте таа тема и мислам дека ќе имаме можност да дебатираме за тоа и да се фокусираме на ова што е денес.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам господине министре.

Реплика побара госпоѓа Славица Грковска.

Повелете, вашите три минути.

**Славица Грковска:** Мислам дека треба да разговараме за факти. Факт е дека Пратеници на СДСМ предложија измени во Законот за восико образование во делот за нострификација на дипломите, кои што беа ставени на оваа седница на дневен ред како точка 22. Парламентарното мнозинство не сметаше за потребно дека тоа прашање треба побрзо да се регулира и наместо точка 22 на дневен ред, да биде веднаш после законите за Јавно обвинителство, заради тоа што ние како пратеничка група сметавме дека се итни реформите од областа на судството и дека на нив треба да им се даде приоритет. Факт е дека Владата и покрај нејзиното деноноќно работење и покрај нејзиното рушење на рекорди во одржување на должината на седниците, не достави мислење до пратениците за овој закон. Сега, ние не знаеме какво е мислењето на Владата по законот какво што ние сме предложиле. Меѓутоа, Владата затечена од нашиот предлог, а очигледно неспособна да овозможи или да предложи, да поддржи предлог кој што не доаѓа од Владата, туку од пратеници, особено од опозицијата, набрзина предлага измени во Законот за високо образование што го тангираат истото прашање и покрај тоа што не убедуваше дека претставникто на Министерството за образование и наука на седница на Комисијата дека во секој момент ќе биде доставен Законот за високо образование, а не измени во Законот за високо образование. Вие од тоа не можете да побегнете. Меѓутоа, за тоа ќе водиме дебата кога ќе дојде на ред Законот за измените во високото образование. Сакам само да укажам на јавноста дека пратеничката група на СДСМ ги поддржува сите предлози кои што се добри и кои одат во прилог на граѓаните и тоа не само во областа на образованието, сакам да укажам дека ретко која седница на Собранието е одржана без пратеничката група на СДСМ, затоа што инаку парламентарното мнозинство не може да обезбеди кворум. Ние гласавме за Универзитетот во Штип, затоа што сметавме дека е добро решение и со тоа паѓаат во вода сите ваши аргументи да ме убедите или да ја убедите јавноста дека не поддржуваме прашања само заради тоа што се предложени од Владата. Фактите одат контра вашата аргументација.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Збор има господин Мустафа Неждет, повелете.

**Неждет Мустафа:** Благодарам претседателе.

Во содржината на мојот последен говор јас го дадов мојот позитивен став во однос на овој Предлог на закон и сметам дека стенограмите од содржината на мојот говор ќе биде запознат дури и министерот, иако не беше присутен на самата седница, туку заменик министерот. Но, што го привлече денес моето внимание? Сметам дека во интерес на вистината и во интерес на успешноста на овој закон, не би требало да се служиме уште на стартот со лаги. Јас слушнав тука во Собранието една изјава дека веќе во Шуто Оризари ќе се почне градбата на средното училиште. Да не направиме против услуга на тој закон, како што настапија и колегите и со терминот популистички, тоа штетно ќе му се одрази на самиот закон уште на самиот старт, сметам дека такви ставови уште на почетокот не смееме да излеземе пред јавноста. Па, за некој ден ќе ни дојдат во Шуто Оризари Роми од цела Македонија, имајќи желба да гледаат како се гради училиштето, но завчера во Шуто Оризари се вршело само одбележување на теренот, но не и почнување на градбата. Претпоставувам дека за тоа ќе треба подолго време за отпочнување на градбата. Во тој интерес, повторно велам, дека се поддржува овој закон се со цел да бидеме објективни со една енергија на една објективна имплементација на она што го говориме тука и дека ќе се задржиме на нивото на имплементација на овој закон. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Збор има госпоѓа Весна Бендевска, повелете.

**Весна Бендевска:** Благодарам претседателе, почитувани колеги, почитуван министер за образование,

Најпрво, мене ми е жал што кога во четвртокот говорев околу потребата за токму овој момент да се донесе овој Предлог закон за измени и дополнувања на Законот за средно образование, вие господине министер не бевте присутни. Јас јасно ја изразив сопствената дилема дали во овој момент ни нудите закон за изменување на средното образование без никаква комплетна примена. Вие ни нудите не само избрзан закон, туку во овој момент вие со желба да донесете што поголем број на закони за да ја исполните преамбициозната агенда, што ја најави премиерот на Владата, господинот Никола Груевски, подготвени сте, како што сам рековте, да експериментирате во областа на средното образование. СДСМ јасно го искажа својот став на многу пати. Сакаме и цениме дека се неопходни темелни коренити реформи во образовниот процес. Но, ние сакаме коренити, квалитетни

реформи кои многу ќе значат во подобрување на македонската агенда кон нејзиниот пат кон Европа.

Ќе ве демантирам во вашето излагање, господин министер, со ваши документи. Вие сте министер за образование и наука во Владата на претседателот Никола Груевски. Во рака држам, а и покажав во четвртокот допис од Министерството за образование и наука каде што вие сте надлежен. Министерството за образование и наука во месец февруари, значи пред само 40 дена изготви запис околу потребите од реформата во образованиот систем во Република Македонија. Јас барам, ве молам, да објасните како е можно вашето Министерство да го напише овој текст. Во интерес на информирање на македонската јавност, дозволете ми да цитирам документ кој произлегува од вашето Министерство. Тоа вели: “Продлабочената анализа ќе треба да ни покаже”, идно време е употребено господине министер, во февруари не сте ни ја започнале анализата, во февруари месец вие само сте размислувале околу реформскиот процес во образованието. Сега, по 40 дена вие од нас барате бланко поддршка за закон кој не знаеме што ќе покажат анализите на терен и како ќе треба да го дооформуваме реформскиот процес во образованието. Ќе продолжам натаму со цитат од вашето Министерство. Значи, вашето Министерство планира да изврши анализа која ќе покаже колку средства ќе бидат потребни за воведувањето на задолжителното средно образование и таа анализа ќе се добијат и конкретни податоци за тоа. Прво, дали Македонија ќе може да обезбеди доволно наставен кадар. Дозволете, ни нудите закон, а не знаете дали во Македонија ќе имате доволно наставен кадар, за да може овој закон да биде применлив на терен.

Второ, повторно цитирам: “Анализата ќе треба да покаже колку се ефикасни постојните контролни механизми за обезбедување на проодност од основно во средно образование и контрола на посетување на средното образование на сите ученици во Република Македонија.

Трето, допрва ќе треба да утврдувате кои видови на кадар се дефицитарни, а со тоа високо образовните институции сметате дека после оваа опстојна анализа ќе бидат во можност правилно да ја креираат својата понуда и што е најважно допрва ќе утврдувате финансиски импликации врз Буџетот на државата. Сега, спремен ли сте и понатаму да опстоите на вашиот став дека овој закон не е избрзан, дека овој закон е квалитетен, дека овој закон навистина ќе го подобри образовниот систем во Република Македонија. Па, јас цитирам ваш документ од вашето Министерство.

И, на крај, цитирам “Како Министерството за образование и наука” велат вашите вработени “целосно сме свесни дека воведувањето на задолжителното средно образование, ќе значи и дополнителни средства од Буџетот на Република Македонија наменети за образованието”, а никаде не ни доставивте комплетна финансиска конструкција, за да можеме да сметаме дека овој ваш проект е реално и остварлив.

Второ, вашето Министерство смета дека воведувањето на задолжителното средно образование нема да може да се изврши во една година.

На крајот, ќе завршам почитуван министер, вашето Министерство смета дека анализата која ќе треба да биде извршена во непознато време со непознат рок од погоре дадените податоци, ќе сте извлечеле листа на потребен број на капитални инвестиции по региони.

Второ, ќе сте добиеле и матрица на фискални импликации по основ на вработувања на кадар во региони.

Трето, преку симулации, кои претпоставувам допрва ќе треба да ги креирате, обмислите и остварувате, ќе сте добиеле и прелиминарни резултати за зголемениот износ на трошоци за превоз на ученици.

Четврто, вашето Министерство смета дека ќе се добијат и сознанија за видови професии, кои недостигаат и ќе се дадат препораки до универзитетите за давање на приоритет при запишувањето на овие кадри или креирање на соодветни студиски програми. Вашиот документ, кој го цитирав сега, апсолутно ве демантира во вашиот став, господине министре. Не сте спремни за овој закон. Македонија во овој момент нема комплетна анализа, за да може да се знае дали вашиот Предлог закон е применлив.

СДСМ, како што добро знаете како министер за образование, во 2005 година донесе Национална програма за развој на образованието за периодот од 2005-2015 по две годишна опсежна анализа на терен. Откако две години ги подготвуваше и кадрите и училишната мрежа заклучи и тоа го стави во својата Национална програма дека во Република Македонија во овој момент може само да се зголеми, да се премине кон девет годишно образование со можност и понатаму преку реформи да се создадат услови за десет годишно задолжително образование. Сега, вие во овој момент сте неспремни и го рушите веќе започнатиот концепт, кој било како функционира на терен. Без никакви конкретни анализи и подготовки, рушите се што до овој момент е создадено и го започнувате вашиот прочуен експеримент. А, експериментите и во општеството и во физиката, времето покажува дали се успешни или неуспешни.

За жал, ако се покажат неуспешни, бидете убедени, бидете сигурни дека ќе побараме комплетна одговорнсот не само од вас како министер за образование, туку и за премиерот кој ве поставил на тоа место. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

За реплика се јави господинот министер за образование, повелете вашите три минути господине министре.

**Сулејман Рушити:** Само една граматичка исправка, да не се мисли дека тој документ е доставен денеска, целта е тоа јавноста да разбере дека тој документ е денешен. Продлабочената анализа, колку јас знам граматика на македонски јазик, е сегашно време, а се работи за една анализа која била започната пред февруари, како што велите вие и која во тоа време била во тек.

Јас сметам дека ние немаме потреба за двогодишна анализа, мислам дека и со двомесечна анализа со експерти можат да се добијат факти, таа анализа е доволна за да работиме понатаму, не само за ова, туку и за други работи.

Немаме време за тригодишни анализи кои никогаш не се имплементирани. Ако имате концепт за десетолетка, не идеа, туку концепт, доставете го, ќе го разгледаме, можеби ќе видиме нешто интересно. Таков концепт, барем јас, не сум видел дека има нешто конкретно со такви анализи кои вие барате да ги има.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Госпоѓа Весна Бендевска има контра реплика, вашата минута, повелете.

**Весна Бендевска:** Благодарам.

Ова што сега го слушнав не само јас, туку целокупната македонска јавност, се надевам дека стана јасно. Вам не ви требале анализи? Па, ова е ваш документ. Министерството за образование и наука вели дека мора да се направат тие анализи. Вие сте министер за образование и наука? Вие одите против вашиот концепт. Сега му е јасно на секој граѓанин на Република Македонија, влегуваме во тежок и опасен експеримент, бидејќи министерот смета дека се доволни два месеци подготовка да се види дали има кадар, дали има училници и дали е возможно да започне во овој момент.

Браво господине министер, тешко на македонскиот образовен процес, до колку сметате дека вака сериозна реформа доволно се анализи од два месеци. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Има збор госпоѓа Благородна Цветковска, повелете.

**Благородна Цветковска:** Благодарам.

Претседателе, почитуван министер за образование, почитувани пратеници,

Поголем број пратеници од СДСМ имаат поднесено амандман на Предлог законот за средно образование.

Едниот амандман поднесен од група пратеници се однесува на тоа членот 1 да се брише. Тоа значи според Предлог законот измена на член 3 став 1: средното образование е задолжително за секој граѓанин под еднакви услови утврдени со овој закон. Тоа е во Предлог законот.

Моја забелешка и забелешка на останатите потпишани во овој амандман е дека оваа измена е неуставна затоа што правото на средно образование под исти услови не значи и обврска за задолжително средно образование, туку е право на избор на граѓанинот дали ќе го продолжи своето образование кое државата има уставна обврска да му го обезбеди до колку тој се произнесе позитивно. Тоа значи дека е потребна промена на Уставот на Република Македонија.

Понатаму во членот 118 по став 3 се додаваат два нови става 4 и 5 каде вели: “глоба во износ од 1000 евра во денарска противвредност ќе се изрече на родител односно старател на малолетниот ученик, до колку не е запишан во средно училиште или нередовно го посетува училиштето”.

“Глоба во износ од 800 евра во денарска противвредност ќе се изрече на полнолетен ученик кој нередовно го посетува училиштето”.

Забележуваме дали оваа Влада има точни податоци како и во која мера се применува оваа казнена одредба во Законот за основно образование кое е задолжително. Во образложението на Владата за оценката на состојбата како причина за неопфатеноста на учениците во средните училишта е лошата материјална состојба на семејствата. Во оваа насока се поставува прашање до Владата како со глоба од 1000 или 800 евра ќе има ја подобри семејно финансиската состојба или како државата ќе ја наплати ваквата глоба ако семејството финансиски не е моќно ни да се прехрани ни да ги подмири основните комунални давачки. Уште повеќе секој родител искрено сака неговото дете да се школува и да напредува во животот, но, прашањето не е во задолжителното средно образование, туку во ветувањето на Владата дека ќе донесе странски инвестиции кои ќе отворат нови работни места.

Како Владата планира да ги згрижи и вработи завршените средношколци ако се знае дека најголем процент на невработени во Република Македонија во моментот се со завршено средно образование.

Во 2002 година 112.594 невработени во основното образование или 35.64% и 157.501 невработени во средното образование или 49,86% значи, проблемот е во нефункционирањето на стопанството, а не во ниското ниво на образованост во државата.

Поради ова Владата ќе мора да го обезбеди одговорот на прашањето на најголем број родители кои ќе мора да ги праќаат своите деца задолжително во средното училиште. Дали тие по завршувањето на средното образование ќе се вработат? Како Владата ќе им го реши ова прашање?

Ова повторно води кон еден заклучок дека проблемот не е во вклучување на сите деца во средното образование, туку во квалитетот на образованието што го нудиме, квалитетот на кадрите кои ги предвидуваме и најважно поврзаноста, вистината, не само на хартија, на образованието со стопанството, на училиштата со стопанските субјекти.

Затоа сметав дека сепак и министерот и почитуваните пратеници од парламентарното мнозинство ќе се соочат со оваа реалност дека во ваква тешка материјална состојба амандманите ги поднесовме со цел да се избришат, бидејќи родителите не се во состојба да ги подмират најосновните двачки, а камо ли овие давачки од областа на образованието. Благодарам. **Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Молам пратениците да влезат во салата и да си ги заземат своите места затоа што ќе гласаме. Ги молам службите да се активираат и да започнат со броење.

(Службите ги пребројуваат пратениците).

Ве повикувам да гласаме.

Гласаа 61 пратеник, за гласаа 10, воздржани нема, против 51 пратеник.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот за менување на член 1, поднесен од пратеникот Славица Грковска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**Сулејман Рушити:** Владата не го прифаќа амандманот.

**Љубиша Георгиевски:** Владата не го прифаќа амандманот.

Пред да ви дадам збор госпоѓице Грковска, коментарот што ќе го направам, помалку од другите, се однесува на вас, би сакал да ги замолам пратениците и тие што го бранат и тие што го напаѓаат амандманот да се поблизу до него, до темата затоа што досегашната расправа наликуваше односно со ништо не се разликуваше од општата расправа што ја водевме претходно.

Ве молам да бидеме по концентрирани најмногу заради една причина граѓаните што не следат треба да знаат што е суштината на амандманот инаку се губат, а од досегашните дискусии, освен нешто кај Грковска и кај госпоѓа Благородна која беше доста конкретна, другите беа прилично воопштени. Затоа да се сконцентрираме на амандманот.

Повелете госпоѓоце Грковска имате збор.

**Славица Грковска:** Благодарам претседателе, почитувани колешки и колеги,

Јас и во дебатата по општата расправа за законот истакнав убедување и сеуште го делам тоа убедување дека регулирањето на средното образование како задолжително е уставна категорија. Речиси сум убедена дека до колку некој покрене иницијатива пред Уставниот суд како овој закон ќе се донесе, тоа не е спорно, со оглед на тоа што парламентарното мнозинство од владеачката гарнитура ќе го пдоржи овој закон, сигурна сум дека Уставниот суд ќе оди во прилог на тоа прашање имајќи во предвид дека до колку тоа не било уставна категорија, тогаш ни основното образование немаше да се регулира како задолжително со Уставот.

Затоа сметам за да ја избегнеме таа пречка или таа дилема кај нас, членот 1 да се смени и да гласи: само дека средното образование во јавните средни училишта е бесплатно.

Зошто сметам дека е ова доволно?

Прво, заради тоа што сите статистички податови, за тоа зборуваше господинот Герамитчиоски, укажува на тоа дека задолжителното основно образование не овозможи целосен опфат на учениците во основното образование и дека тоа покажува еден аргумент кој укажува на тоа дека формулата за задолжително средно образование нема да биде доволна за целосен опфат на сите ученици кои завршуваат основно образование во средното образование.

Проектот задолжително основно образование ќе покаже дека механизмите кои го регулираат се недоволни за да можат да одговорат на она што ние би сакале да го постигнеме во образованието, а тоа е сите деца да бидат опфатени во основното образование, да го зголемиме квалитетот на образованието, меѓутоа, исто така, не обезбеди до сега бесплатно образование за учениците во основното образование.

Затоа сметам, со оглед на тоа што во својот говор и министерот истакна дека на овој начин државата му дава можност на секој било каде да живее, да се запише во средно образование затоа што му обезбедува бесплатно школување во јавните средни училишта, бесплатен превоз до училиштето односно сместување во ученичките домови до колку не е можно да се организира превоз од дома до училиштето.

Ова е аргумент кој оди во прилог на прифаќање на овој амандман.

Мислам дека нема родител кој нема своето дете да го запише или да го поддржи и поттикне да се запише во средно училиште и на тој начин да го продолжи неговото образование до колку државата гарантира бесплатно средно образование. Во тој случај ќе биде сосема ирелевантно дали средното образование ќе биде регулирано како задолжително или не. До колку државата создаде услови за бесплатно средно образование, бесплатни учебници, бесплатен превоз до училиштата, бесплатно сместување во ученички домови, социјални пакети за социјалните случаи кои ќе бидат дополнителни не во овој пакет кој ќе биде опфатен со проектот бесплатно средно образование, тогаш нема родител кој нема да го прати своето дете во средно училиште.

Државата односно Владата не излезе со анализа кои се причините заради кои имаме помал опфат на учениците во основното образование и кои се причините за помал опфат на ученици во средно образование кои завршиле основно образование.

Сите сме свесни дека најголемата причина за тоа се материјалните фактори. Лошата економска ситуација на родителите, најчесто се тоа деца на

социјални случаи, најчесто се деца на фамилии на кои социјалниот статус им е загрозен.

Затоа сметам за да излеземе од оовј ќорсокак, за да излеземе од убедувањата дали задолжително средно образование е уставна категорија или не, дека парламентарното мнозинство и Владата требаше да размисли дали овој амандман ќе го прифати или не затоа што смтам дека со овој амандман со кој само се уредува дека средното образование во јавните средни училишта е бесплатно практично ќе ги овозможи предусловите кои државата треба да ги обезбеди и ние како пратеници треба да ги обезбедиме за да го зголемиме опфатот на ученици кои од основното образование ќе се запишат во средно образование.

Затоа повикувам на поголем сенс, Владата не мора секогаш да инсистира стриктно на решенијата кои ги предложила во Парламентот до колку увиди дека некои амандмани кои се предложени, без разлика од кои пратеници, одат во насока на регулирање на прашањата кои сакаат да се решат, до колку станува збор за подобри решенија, до колку тие амандмани решаваат одредени дилеми, мислам дека не е спорно Владата да ретерира малку од својот проект, но на крај да имаме заеднички проект кој ќе го подржиме сите, а кој ќе овозможи она што сите сакаме да го постигнеме, тоа е бесплатно средно образование и квалитетно образование. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ги молам пратениците што не се влезени во салата да влезат и да си ги заземат своите места, а службите ги молам да достават точен број на пратеници.

(Службите ги пребројуваат пратениците).

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 63 пратеници, за гласале 9, воздржани нема, против 51.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот за бришење на член 6, поднесен од пратениците Мери Младеновска Георгиевска, Тале Герамитчиоски, Верица Филипова, Благородна Цветковска, Марјанчо Николов, Цветанка Иванова, Славица Грковска, Оливер Спасовски и Ацо Киров.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор Сулејман Рушити, министер за образование и наука.

**Сулејман Рушити:** Владата не го прифаќа амандманот.

**Љубиша Георгиевски:** Владата не го прифаќа амандманот.

Има збор Тале Герамитчиоски.

**Тале Герамитчиоски:** Почитуван претседателе, ги почитувам вашите насоки кои што ги кажавте за јавноста, ќе посочам за што станува збор. Значи со Предлогот на законот кој што Владата го достави во член 113 став 1 алинеја 1 се брише. Значи член 113 од постојниот Закон за средно образование: јавните училишта можат да стекнуваат средства и од партиципација на корисниците на услугите. Значи сега овој став се брише. Понатаму, продажба на производи и услуги кои се резултат на вршење на основна дејност, трговските друштва, јавните претпријатија, установи и органи на државна управа во кои се остварува практичната обука на учениците, проекти одобрени од министерот, камати и дивиденди на пласирани средства, легати, подароци, завештенија и други извори. Значи, се брише: партиципација на корисниците на услугите. Јас почитуван министер, мислам дека не ве информирале добро што значи ова. Мислам дека за училиштата не е добро ако се направи оваа измена. Дозволете да образложам зошто. Значи, најдобронамерно е да остане амандманот. Партиципација на корисници на услуги, го бришење под претпоставка. Претпоставувам дека се однесува на оние парични средства кои што родителите во две рати ги подмируваат на почетокот на школската година или на средината, во две рати, зависи кое училиште определува за да се подмират одредени материјални трошоци на училиштето. Почитуван министер не е само тоа. Во измените на Законот за средно образование кои што ги направивме во пакет со Законот за децентрализација, всушност во кој што ја спроведовме постапката на децентрализација и во средното образование. Сакавте да направиме партнерски односи помеѓу идните работодавци и училиштата. Да дадам еден конкретен пример ќе ви стане јасно. Имавме заинтересирани страни како што е Цементарница Усје, како што е Топилницата Малиновски кои што доаѓаа во Минситерството кога се спремаше Законот и кои што велеа: “Ние сме спремни да ги подмириме апсолутно сите трошоци за овој образовен профил и тој број на паралелки за тој број на деца”. Значи, за прв пат во Република Македонија се јави позитивен тренд на интерес на работодавци кои што сакаат да партиципираат во средното образование. И уште повеќе, ако и локалната самоуправа се вклучи како трета страна која што постојано ќе бара вакви партнери и тоа е суштината на децентрализацијата, тогаш ја добиваме онаа целосна слика која што верувам дека и оваа Влада, барем декларативна заложба и е да направи еден линк, едно поврзување помеѓу работодавците и средното образование. Впрочем идејата која што цело време ја прокламирате за измена на Законот е со ваква завршница, да стекнат образование, после средното образование да стекнат вработување. Ова е најбрзиот начин кој што еве, кажавте дека сте се школувале во странство, знаете дека функционира во западните земји. Од тие причини ние предлагаме со амандманот, значи нашиот

амандман едноставно гласи: “Членот 2 се брише”. Значи да остане онаа одредба партиципацијата на корисниците на услуги да стои, бидејќи училиштата ќе можат да добиваат партиципација од корисници на услуги од прва рака. Тоа е корисник на услуга од прва рака. Не е другиот дел каде што учениците ги праќате на пракса, вршат одредени услуги и за тоа добиваат надокнада. Тоа е во друга алинеја дадено. Значи, трговски друштва, јавни претпријатија, установи и органи на државна управа во кои се остварува практична обука на учениците. Мислам дека бев јасен во објаснувањето кој беше мотивот, која беше целта, која беше идејата. Ако ви е до тоа да дадете забрана за партиципација од страна на родителите, тоа може да се направи на поинаков начин, значи со директна забрана од страна на министерот, бидејќи во другите членови на законот каде што кажувате дека е бесплатно, се обврзуваме како држава дека ќе ги подмируваме неопходните материјални трошоци на училиштето. Но, оној друг дел во кој што вметнато е во законот вакво право, ваква слобода, доколку се избрише оваа алинеја, тогаш не ќе може да се создаде да постои законска рамка за создавање на таков вид на партнерство помеѓу институција некоја која што е претпоставен иден работодавец која што има интерес да врши обука. Има и други позитивни примери, на пример од Грција во Богданци партиципираа со цел сет на машини за шиење, односно машински парк во гимназијата каде што се врши соодветна обука на таков вид на кадар за текстилната индустрија. Значи, постојат позитивни такви примери, не е ова нешто што остана само на хартија. Прифатете го овој амандман. Немојте да дозволите ваков позитивен тренд да биде оневозможен од законски аспект.

**Љубиша Георгиевски:** Реплика пратеникот Цветко Грозданов.

**Цветко Грозданов:** Благодарам претседателе.

Јас ќе се навратам на она што беше спорното околу партиципацијата. Бидејќи доаѓам од образованието и доволно ја познавам проблематиката. Ќе кажам дека партиципацијата која што беше досега уредена, беше задолжителна за сите ученици, освен за оние кои што имаа решенија од установата за социјални грижи кои што се социјални слчаи, тие беа ослободоувани од партиципацијата, или во ситуација кога има двајца браќа, или од исто семејство, партиципацијата беше помала. Со Предлог-законот кој што го предвидуваме средното образование да биде задолжително, овде веќе се јавува колизија. Од таа причина партиципацијата мора да биде укината и мора да биде тргната. Додека сите оние кои што сакаат со децентрализацијата да вложат околу локалниот економски развој, дали ќе бидат тоа некои бизнис релации, дали ќе бидат тоа некои личности кои ќе сакаат да оди во развој средното образование, тогаш тие ќе можат преку друг начин, или друг вид на донации да учествуваат во она што се вика потпомагање и усовршување на наставните средства и помагала како би можеле да го искористат тој потенцијал подоцна. На овој начин ние се отргнуваме од она што се нарекува партиципација и задолжително плаќање на партиципацијата од страна на учениците. Кажуваме дека средното образование ќе биде бесплатно, а тоа значи дека партиципација нема да има и сите оние кои што ќе сакаат да се запишат во одреден вид на образование не ќе бидат приморани да плаќаат одредена сума на средства како партиципација. Додека сите оние кои што се бизнис релации ќе можат преку одредени донации да платат, или да го усовршат и осовременат ваквиот начин на развој на локалниот економски развој, дали ќе биде локалната самоуправа, или некои други може да се дадат средства и да бидат употребени околу осовременување на наставните помагала.

**Љубиша Георгиевски:** Контра реплика има господинот Тале Герамитчиоски.

**Тале Герамитчиоски:** Ниту еден дел не бил разбран. Жал ми е што можам да го констатирам тоа. Како прво, партиципацијата од страна на родителите не е форма дефинирана во законот, туку е нешто кое што се ставало надвор од контекст на она кое што е дефинирано во законот. И таа може да се укине, или да се за брани со акт од страна на министерот. Училиштата прибегнуваат кон тоа, бидејќи стално кубурат со недостиг на средства за материјални трошоци. Доколку им обезбедите поголеми средства, може тоа да се забрани со едноставен акт на министерот. Но, верувајте другиот дел, не е тоа донација. Тоа е партнерство. Донација е друго. Овде вложува. Овде е корисник од прв ред, вложува, бара таква услуга. Друго е донација. Јас мислам дека министерот треба да се консултира со стручните служби. Ова е за доброто на училиштата.

**Љубиша Георгиевски:** За збор се јави госпоѓа Силвана Бонева.

**Силвана Бонева:** Приоцедурално. Почитуван претседателе, барам 15 минути пауза за координација.

**Љубиша Георгиевски:** 15 минути пауза.

(По паузата седницата продолжи во 13,28 часот)

**Љубиша Георгиевски:** Ги молам пратениците да влезат во салата за да продолжиме со работа.

Ги повикувам пратениците да влезат во салата и да ги завземат своите места, за да продолжиме со седницата.

Молам службите да достават точен број на присутни пратеници во салата.

(Присутните пратеници чекаат да се создаде кворум за работа).

Мислам дека сега имаме доволно пратеници.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Повелете господине Герамитчиоски, имате збор.

**Тале Герамитчиоски:** Не знам какви ставови беа заземени за време на паузата. Предлогот е најдобронамерен, обмислен е, последиците ќе

бидат лоши доколку не се усвои. Се јавувам повторно за збор заради репликата од колегата кој навистина даде една слика, предлогот беше потполно неразбран и не сфатен. Само да дадам една сугестија. Доколку не се прифати овој амандман и се пристапи кон измена на законот од правен аспект, ќе мора да се менуваат и други членови во делот на состав на училишни одбори, каде што можност имаат да партиципираат идни, во Законот во членот 113 се наречени " партиципиенти како корисници на услуга". Ќе мора брзо да се интервенира, бидејќи ќе има неусогласеност во законот. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Господинот министер за образование, реплика.

**Сулејман Рушити:** Со предлогот за бришење на партиципацијата на корисниците на услугите, се работи само за партиципација на учениците, бидејќи средното образование како што гледате е бесплатно. Со ова не им ја одземаме можноста и правото на тоа што пратеникот зборуваше, компанија која сака да инвестира во кадри, ќе ги прочитам подолу со ред и ќе видите дека има законски можности тоа право да се остварува. Останува продажба на производи и услуги кои се резултат на вршење на основна дејност со реалните компании кои ги имаат некои училишта да речеме, трговските друштва, јавните претпријатија, установи и органи на државната управа во кои се остварува практична обука на учениците, проекти одобрени од министерот, камати и дивиденди на пласирани средства, легати, подароци, завештанија и други извори. Тука е опфатено и не се одзема таквото право. Начинот на кој потенцијална компанија сака да учествува во одредени профили се овозможува со овој закон. Со партиципација на корисниците на услуги се подразбира партиципација од страна на учениците, а тоа значи мора да го бришеме. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Контра реплика за Герамитчиоски и со тоа завршуваме.

(Пратеникот Герамитчиоски бара збор).

Не, заклучен е претресот, ве молам. Јас ви дадов бонус, ме замоливте убаво и ви дадов бонус, но сега повеќе не.

Имате право на контра реплика една минута и готово. Повелете.

**Тале Герамитчиоски:** Уште еднаш за последен пат потенцирам, консултирајте се со правници. Нема законска рамка за партиципација на учениците, односно на родителите дефинирана во Законот. Партиципација на корисници на услуги не значи дека со Закон се обврзани да плаќаат партиципација учениците и тоа како министер можете да го прекинете со еден директен акт на наредба.

**Љубиша Георгиевски** : Благодарам.

Уште еднаш овој пат го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 64 пратеници, за амандманот гласале 10 пратеници, воздржано 4, против 50.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот за бришење на член 2, поднесен од пратеници Мери Младеновска-Ѓоргиевска, Тале Герамитчиоски, Верица Филипова, Благородна Цветковска, Марјанчо Николов, Цветанка Иванова, Славица Грковска, Оливер Спасовски и Ацо Киров.

Го молам претставникот Владата да се произнесе.

Има збор претставникот на Владата.

**Сулејман Рушити:** Владата не го прифаќа амандманот.

**Љубиша Георгиевски:** Владата не го прифаќа амандманот.

Има збор господин Тале Герамитчиоски.

**Тале Герамитчиоски:** Почитуван претседателе, амандманонт 3 кој ссе однесува на Предлогот на членот 6, а не членот 2. . .

**Љубиша Георгиевски:** Кај мене стои "бришење на членот 2". '

**Тале Герамитчиоски:** Тој амандман го поминавме до сега.

Сега е амандман 3.

**Љубиша Георгиевски:** Тој беше, така е.

**Тале Герамитчиоски:** Членот 2 се брише, досега за тоа расправавме. За него гласавме сега. Доаѓа на ред амандманот 3.

**Љубиша Георгиевски:** Амандманот за бришење на член 6, на тоа мислите?

**Тале Герамитчиоски:** Да, и тоа е последен амандман.

**Љубиша Георгиевски:** Повелете, добро. Се извинуваме, наша грешка е.

**Тале Герамитчиоски:** Членот 6 од законот го регулира периодот-да го цитирам членот 6 по сугестија на претседателот заради јавноста. "Одредбата од членот 1 на овој закон која се однесува на задолжителното и бесплатно средно образование ќе започне да се применува од генерацијата која ќе се запише во средното образование во учебната 2008/2009 година". Ние предлагаме овој член 6 да се брише, дозволете да објаснам од кои причини. Без да бидам погрешно сватен, ниту ми е тоа желба, ниту ми е тоа намера, ниту е во мојата природа да се повторувам, да верглам едно исто, но ќе посочам само дека во досегашната расправа, во досегашните разговори не добивме уверување дека Република Македонија е подготвена во 2008/2009 година да реализира вака сложен и многу важен процес, за да не се случат несакани ефекти и последици предлагаме детерминирањето на временскиот рок да отпадне. Во досегашните образложенија и во дебатите на овој собраниски дом, но уште повеќе од интервјуата на премиерот, пред се на премиерот, но и министерот, сватривме дека пример по кој се

реализира овој проект е процесот кој се одвива во Република Хрватска. Да не се повторува, неколку пати и во Република Хрватска со иста ваква жестина беше отворен овој процес, беа отворени јавни дебати во кои се убедуваа спротивставените страни дека е прерано Република Хрватска и покрај обемните тригодишни интензивни подготовки, да го реализира тој проект. Тоа не значи дека тие другите беа против средно задолжително образование. Немојте сликата да ја претставувате црно или бело, овие се за, овие се против. Да разговараме за суштината. Ако сакаме да успее сите заедно овој проект, мора да дебатираме, да искажуваме стравувања по одредени проблеми, некогаш со причина, некогаш може да ви звучи и без причина. Но тоа е јавната дебата и не треба да не прави нервозни, ниту да создаваме црно бела слика ова про, ова е за предлогот. Значи, ако Република Хрватска со таа јавна силна дебата деновиве свати дека мора да се одложи тој процес за претходно да се подготват сите оние параметри, која има далеку посилна економска моќ од Република Македонија, тогаш логично се поставува прашањето зошто брзаме, зошто не правиме поопсежни подготовки. Еве, искажавте на оваа говорница дека започнаа процесите на подготовка во инфраструктурата со изградба на училишта, со адаптација на училишта, со проект за менаџирање на приватниот сектор во изградба на училишта и тоа е во ред. Добро е, започнале подготовките во инфраструктурата, претпоставувам ќе започнат и подготовките на обука на наставниот кадар, паралелно треба да се одвиваат промените во наставните планови и програми и сето тоа е во ред. Сите оние кои работеле во системот на образование, прашајте и други претходно со други искуства, кои биле и во претходниот систем и знаат дека треба многу внимателно да се пристапи кон процеси и реформи во образованието, за да не се случи фијаско цели генерации да трпат заради погрешни проценки. Некогаш некоја идеја колку и да е одлична, колку и да е проектирано дека ќе има позитивен ефект на општеството, ако не е добро подготвена, ако не е добро обмислено, ако добро не се планира-зборувам за амандманот-стартот на тој проект, пред се стартот на тој проект, може да доживееме неуспех. Верувајте, ова е мое последно јавување, не би сакал да го заморувам аудиториумот, ни би ми претставувало лично задоволство ниту ќе се ситам, ниту ќе бидам задоволен, напротив, ќе ја споделувам судбината и незадоволството со сите оние граѓани доколку заради необмислени подготовки овој проект не успее. Тогаш навистина бесполезно ќе биде од оваа говорница да кажуваме ви зборуваме, ви кажувавме итн. Да се обмисли кога оптимално би бил стартот. И сега еве ви кажуваме, со ова ние декларативно не знам како појасно да кажеме, ја поддржуваме идејата за зголемување на задолжителното образование, значи сакаме да има поголем опфат на населението, да се зголеми прагот, да се зголеми квалитетот, ама тоа да биде обмислено чекор по чекор за да не се доживее неуспех. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Реплика за господинот Николоски Александар, повелете.

**Александар Николоски:** Повеќе би сакал да опонираме со колегата отколку директно да реплицирам. После подолги дискусии, од ова што последно го кажа колегата заклучувам дека ние имаме различен пристап, односно различен метод и начин на гледање на работите, тоа е очигледно и тоа се покажува и тука би сакал да продебатираме. Она што го кажува колегата дека е добро целиот овој закон да влезе во сила, но прашање е кога и на кој начин би се спровело, односно е прашање дали е подготвено Министерството односно Владата во наредниот период тоа да го направи. Ние велиме дека сме подготвени, веруваме дека сме подготвени, веруваме дека 2008/2009 година е оптимална учебна година за старт на целиот овој процес и уште повеќе веруваме дека тоа успешно ќе се направи. Тука би сакал да ја повлечам јасната разлика меѓу нас и опозицијата и верувам дека колегата со тоа ќе се согласи, а тоа е дека ние поамбициозно влегуваме во проектот заради тоа што за жал Македонија во многу области, вклучително и образованието, е многу назад и треба да прави скокови од 7 милји за да фати чекор со модерна Европа. Колегата веројатно размислува дека при таков скок можеби не би скокнале до каде што треба да скокнеме и тоа е негово размислување, апсолутно го почитувам, но нашиот став дека сме подготвени за година ипол во 2008/2009 година да направиме скок од 7 милји и Македонија барем во овој дел да фати чекор со она што се вика модерно европско образование, иако треба многу да се работи во тој дел, особено во високото образование и тука апсолутно стојат и критиките и забелешките кои постојат.

Би сакал исто така да порачам како член на ВМРО-ДПМНЕ, како член на парламентарното мнозинство дека и во другите области треба во наредниот период да се очекуваат вакви амбициозни проекти, заради тоа што само со амбициозни проекти ние можеме реално да ја придвижиме државата напред, уште повеќе, за тие амбициозни проекти треба да има амбициозна администрација која ќе ги спроведува и исто така верувам дека во министерствата се создаваат капацитети кои ќе можат тоа да го прават. Се надевам на искрената поддршка на опозицијата и се согласувам со она што последно го кажа дека никој не би сакал да види неуспешни проекти, се надевам за година ипол дека ќе видиме успешен проект. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Господине Герамитчиоски, повелете со вашата контра реплика, вашата минута.

**Тале Герамитчиоски:** Благодарам.

Добро, колега, вие навистина ја воочивте суштинската разлика во однос на овој пристап за овој проект меѓу нас и вас. Да потенцирам, за

успешност на еден проект треба проектот прво да се направи со сите оние параметри, со сите оние показатели кои ќе ја минимизираат веројатноста за неуспех. Никој не може да гарантира дека еден проект 100% ќе биде успешен, но затоа се прават опсежни подготовки да се минимизира веројатноста тој да претрпи неуспех. Во оваа дебата и во претходните месеци тоа не го видовме, видовме само успешна желба со популистички примеси кон населението дека ќе живеат подобро кога овој проект ќе биде реализиран. Последиците не би сакал да ги прогнозирам, но вие треба да ја земете одговорноста во ваши раце.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Давам пауза од 1 час за ручек, до 15,00 часот.

(Пауза од 14,00 часот)

(По паузата седницата продолжи во 15,20 часот)

**Иван Анастасовски:** Ги молам пратениците да влезат во салата.

Продолжуваме со претрес по амандманот.

Има збор пратеник госпоѓа Весна Бендевска, повелете.

**Весна Бендевска:** Благодарам потпретседателе.

Во врска со амандманот кој е предложен од моите колеги, би се обратила повторно директно до почитуваниот господин министер, го гледам како последна шанса да се спаси она што може да се спаси, а се во интерес да добиеме навистина квалитетен закон. Закон каков што ќе одговора на сите. Не може и не смее да има партиска боја, ниту национална ниту на етничка припадност. Образованието е за сите граѓани на Република Македонија подеднакво.

Доколку го прифатите овој амандман ќе сметаме дека сте разбрале и увиделе дека Законот кој упорно се обидувате да го протуркате, а е недоработен, недоискажан, непроверен ќе може да добие шанса да се доработи со една опсежна анализа, токму онаква каква што до вас ја предлагаат стручните лица од вашето министерство. Доколку се прифати овој амандман, Република Македонија ќе добие шанса во една опсежна теренска анализа, или, како што предлагаат вашите стручни лица, откако ќе се направи продлабочена анализа дали Македонија има доволно наставен кадар, ќе се констатираат кои видови на кадар се дефицитарни, ќе се обезбеди ефикасност на постојните механизми за обезбедување на проодност од основно и средно образование, ќе се пресмета апсолутно, колку дополнителни средства од Буџетот на Република Македонија ќе бидат потребни и наменети, за да може проектот задолжително средно образование кој е пред нас, да има можност да биде успешен проект. Потребно е да не го лимитирате почетокот, за имплементација на овој закон, од учебната 2008/2009 година. Во Предлог-законот во членот 6 кој го нудите стои дека одредбата од членот 1 кој се однесува на задолжително и бесплатно средно образование ќе започне да се применува од генерацијата која ќе се запише во средно образование во учебната 2008 година и 2009 година. Сметам дека токму оваа генерација на деца не заслужува да биде дел од еден експеримент за чиј исход никој од нас не може да тврди. Да не дозволиме оваа генерација на деца, откако би се покажало дека експериментот не успева, да не остане на средина, а и да не се почувствуваат дека биле искористени, да не кажам употребени, да не кажам и потежок збор злоупотребени заради некои што сакаат да протурнат закон за кој нема соодветна аналитича проценка. Немојте да го жртвувате квалитетот, на сметка на прокламирана преамбициозност. Бидејќи болната амбиција многу често води до загубено време, а времето најскапо се плаќа. Желбата сама по себе не носи успех. Работа, работа и само работа и сериозност во пристапот можат да гарантираат дека сме на добар пат да донесеме добар закон, кој ќе гарантира сериозни и квалитетни реформи во образовниот систем. А тоа значи, од кога стручните лица во вашето Министерство ќе ја направат анализата, вклучително од кога ќе ги вклучите и мислењата и на експертската јавност, на директните учесници во образовниот процес и да не ги заборавиме единиците на локалната самоуправа, тогаш ќе можеме да гарантираме дека сите релевантни фактори стојат и директно учествувале во реформите на образовниот систем во нашата земја и тогаш ќе можеме да зборуваме дека сме успеале како парламентарен состав, навистина да придонесеме за квалитет, кој произлегува од овој Законодавен дом.

Дозволете, морам почитуван министер, со вас да споделам една дилема. Колку е сериозна вашата намера, Предлог-законот за измена и дополнување на Законот за средно образование да започне токму од идната година. Дали правите обид на мала врата, вашиот проект задолжително средно образование да го протуркате од следната учебна година, тоа е 2007/2008 година. Јас молам да одат на објаснување за вас, бидејќи печатените медиуми на 4 април годинава издадоа натпис со следната содржина: “Директорите реагираат на нереалните бројки”. Или, “Напумпан конкурсот за упис во средните училишта”. Тука стои господине министер дека вие сте предвиделе годинава да се запишат 1600 ученици Албанци повеќе, колку што остануваат надвор од образовниот процес, по завршувањето на основното образование. Веднаш предизвикавте огромна реакција од страна на директорите на средношколските центри. Тие сметаат дека ова го правите само Министерството да докаже пред јавноста, мошне популистички дека државата има капацитет да почне да го спроведува задолжителното средно образование. Еден од директорите ја дал следнава изјава: “Не знаеме која е причината за напумпаната бројка”.

**Иван Анастасовски:** Јас се извинувам, сакам да се сконцентрирате на тоа зошто барате членот 2 да биде избришан. Концентрирајте се на амандманот.

**Весна Бендевска:** Со амандманот бараме членот 6 да се избрише и вашиот претходник ја направи истата грешка. Очигледно имате технички проблем.

**Иван Анастасовски:** Се извинувам, овде добро стои член 2.

**Весна Бендевска:** Член 6 господине потпретседателе. Исто и претседателот направи грешка.

**Иван Анастасовски:** Само за ваша информација.

Отворен е претрес по амандманот за бришење на членот 2, поднесен од пратениците.

**Весна Бендевска:** Амандманот 2 е веќе поминат.

**Иван Анастасовски:** Амандман 4 е овој.

**Весна Бендевска:** Со кого бараме да се избрише членот 6 од Предлог-законот, каде што е предвидено имплементацијата на овој закон да започне од следната учебна година 2008/2009 година.

**Иван Анастасовски:** Продолжете.

**Весна Бендевска:** Значи, ќе го прифатам ова како ваше извинување, со оглед на тоа што ме прекинавте и ми одзедовте дел од мојата концентрација.

**Иван Анастасовски:** Продолжете.

**Весна Бендевска:** Се надевам тоа беше ненамерно. Значи, говорам околу мојата дилема. Поставувам директно прашање: Дали е ова обид од страна на министерот Рушити, имплементацијата на овој Предлог-закон, за разлика од она што го предлага да започне од идната школска година, тоа го направи сега, учебната 2007/2008 година. Станува збор за напумпан конкурс за 1600 ученици, за кои остро реагираат директорите на средношколските центри, а се со цел да се прокламира дека државата има капацитет да го спроведува Законот за задолжително средно образование.

Значи, директорите се жалат и велат немаме ниту простор, ниту пак кадар што ќе предава на албански јазик.

Моето прашање до господинот министер ќе го упатам директно. Зошто господине министре рескирате 1600 ученици од албанска националност да ги натерате да учат во непристојни и ненормални услови. Значи ли тоа дека на едно столче вие ќе седнувате по две деца. Тоа ли е модернизација на настава. Тоа ли ќе обезбеди успешен образовен процес. Не мислите ли дека токму децата заслужуваат квалитетно образование. А тоа подразбира и простор и соодветно обучен кадар кој ќе може да им ја предава материјата на албански јазик, на нивниот мајчин јазик. Или пак мислите со едно такво популистичко решение на мала врата, не само да го протуркате Предлог-законот за измени и дополнувања, туку имплементацијата да ја скратите за цели 12 месеци.

Значи, уште еднаш апелирам. Децата во Република Македонија заслужуваат реформи во образованието. Граѓаните на Република Македонија од свој џеб ќе го плаќаат бесплатното средношколско образование. Ја поздравуваме идејата. Она што бараме е сериозен пристап, сериозна анализа. Дајте си време кое ќе обезбеди навистина, применливост на овој закон на терен. Кој ќе обезбеди Македонија да се приклучи кон европските процеси и со подобрено образование на своите граѓани. Не за 2 месеци, како што вие мислите господине министре. Вие мислите очигледно за 4 месеци да го стартувате овој проект без анализа, без конкретни податоци. Ние ветивме дека ќе стоиме зад секој проект, кој ќе обезбеди квалитет и ќе поддржиме секој закон од оваа Влада кој ќе биде во функција на материјата за која се однесува. Очекувам одговор господине министер, бидејќи македонската јавност мора да знае што се случува во Собранието на Република Македонија, како законодавен Дом. Ви благодарам.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Три минути реплика министерот за образование, повелете.

**Сулејман Рушити:** Ќе одговорам само на прашањето кога ќе стапи во сила законот. Од 2008-2009 година, како што е предложен. Значи таму нема ниту преку мала врата ниту преку голема врата, како што е предложен законот, така.

Поради тоа што не е тема на разговорот конкурсот, ќе одговорам само дека ние за таа бројка на пријавени на конкурсот, значи Владата, ќе се грижи тие ученици да продолжат со настава во средно образование, а за прашањето колку јас се грижам за учениците Албанци, мислам дека воопшто не треба ни да одговорам.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Една минута контра реплика пратеник госпоѓа Весна Бендевска, повелете.

**Весна Бендевска:** Сосема на кратко. Благодарам на вашиот одговор. Вашиот одговор кажа се господине министер. Кажа дека вие го напумпавте конкурсот за успис во средните училишта во Македонија со бројка од 1600 ученици, а немате обезбедено ниту простории ниту кадар, за тоа веројатно дополнително ќе размислувате и веројатно дополнително ќе дознаете дека практично е невозможно таква бројка ученици без соодветни услови да добие квалитетно образование. Се надевам дека ова беше одговорот кој сакаше да го чуе македонската јавност. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор го заклучувам претресот по амандманот.

Пред да го ставам амандманот на гласање, ги молам службите да го утврдиме точниот број на пратеници кои се присутни во салата.

Ги молам пратениците да влезат во салата, ќе пристапиме кон гласање.

Бидејќи во салата има доволен број на пратеници, амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Ги молам службите да утврдиме точен број на пратеници кои се присутни во салата, заедно со еднииот што ја напушти салата сега.

(Службите ги пребројуваат присутните пратеници)

Во моментот на гласањето во салата беа присутни 61 пратеник.

Вкупно гласале 58, за гласале 11, нема воздржано и 47 гласале против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 6 поднесен од пратеникот Славица Грковска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за образование, повелете.

**Сулејман Рушити:** Амандманот не се прифаќа.

**Иван Анастасовски:** Амандманот не е прифатен.

Има збор пратеник Славица Грковска, повелете.

**Славица Грковска:** Со оглед на тоа што овие денови доволно дискутиравме за сите аргументи што ги кажавме во прилог на овој амандман сметам дека нема потреба за опширно објаснување, го повлекувам амандманот.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Амандманот е повлечен.

Продолжуваме со претрес по текстот на законот.

Молам, кој бара збор?

Има збор пратеникот госпоѓица Славица Грковска, повелете.

**Славица Грковска:** Благодарам потпретседателе.

Јас сакам да го искажам ставот на пратеничката група на СДСМ со оглед на тоа што чувствувам потреба дека треба да го кажам нашиот јасен став по однос на ова законско решение. Нема да кажам ништо ново од она што досега беше кажано во расправата. Сакам да кажам дека за СДСМ е прифатлива идејата за задолжително средно образование, меѓутоа сметаме дека ваквото прашање прво треба да се регулира со Уставот, а не со законот и токму затоа сметаме дека прифаќањето на овој закон е невозможно од формално-правна пречка.

Прво, сметаме дека најконкретната работа што со овој закон се регулира е казната која треба да ја платат родителите доколку не ги испратат своите деца во средно образование. СДСМ е за квалитетно образование. Ние рековме дека ќе ги поддржиме сите решенија кои што одат во прилог на подобрување на квалитетот на образованието и обезбедување на подобри услови за продукција на квалитетни кадри во образованието, меѓутоа сметаме дека ова законско решение е комплетно несериозно подготвено, избрзано, нема да ги реши проблемите, напротив ќе ги продлабочи проблемите заради тоа што ќе предизвика сериозни импликации на почетокот на неговата примена заради тоа што не постои јасна концепција и одговор на прашањата кои што ние ги покренавме во изминатиот период.

Токму заради тоа пратеничката група на СДСМ ќе гласа воздржано за овој закон. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Благодарам.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по текстот.

Ве потсетувам дека согласно точка 2 од Амандманот 10 на Уставот на Република Македонија, овој закон се донесува со мнозинство гласови од присутните пратеници, при што мора да има мнозинство гласови од присутните пратеници кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Ги молам службите да го утврдат точниот број на присутни пратеници во салата.

(Службите ги пребројуваат присутните пратеници)

Во моментот на гласањето во салата беа присутни 63 пратеника, гласањето е валидно.

Вкупно гласале 59, за гласале 51, 8 воздржани и нема против.

Ги молам пратениците кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија да се произнесат по Предлогот на законот со кревање на рака.

Кој е за молам да крене рака?

Кој е против молам да крене рака?

Дали има некој воздржан?

На седницата присуствуваат 9 пратеници кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија.

Од нив сите 9 гласаа за, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за средно образование.

**Минуваме на точка 8 - Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за основното образование, со Предлог на закон.**

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието, ви се доставени односно поделени.

Согласно точка 2 од Амандманот 10 на Уставот на Република Македонија, овој закон се донесува со мнозинство гласови од присутните пратеници, при што мора да има мнозинство гласови од присутните пратеници кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Молам, кој бара збор?

Процедурално бара збор пратеникот Славица Грковска.

Три минути процедурално за пратеникот Славица Грковска, повелете.

**Славица Грковска:** Почитуван потпретседателе, колешки и колеки пратеници, почитуван министер,

На денешната седница некаде околу 12,00 часот бевме затечени од амандмани кои што Владата ги предлага за измените на Законот за основното образование, кои што веќе одамна ни беа доставени, а кои што се однесуваат комплетно на друга материја од она што ги регулира измените на Законот за основно образование.

Имено, во Законот за основно образование измените што беа доставени беа предложени само 5 члена, сите во функција на воведување на веронауката и согласно овие Предлог измени на Законот за основно образование работеа и телата на Собранието на Република Македонија, за нив имаат извештаи по однос на нивните мислења за ова законско решение.

На овие измени денеска Владата предлага 19 амандмани кои што се однесуваат на концепцијата за деветтолетка и за нејзиното имплементирање, така што ние сме доведени во ситуација да не можеме да поднесуваме амандмани, собраниските тела да не дискутираат за вака сериозно прашање. Мислам дека е ова крајно несериозен однос и зборува за тоа дека и покрај тоа што претставниците на Владата и на парламентарното мнозинство се обидуваат да не убедат дека посоти некаква концепција и стратегија во образованието, таква не постои и дека станува збор за ад хок и избрзани потези.

Затоа согласно членот 76 од Деловникот предлагам да ја прекинете оваа седница и да овозможите собраниските тела да ги разгледаат овие амандмани и да достават свои мислења. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Вашиот предлог е легитимен, но јас би замолил да го слушнеме образложението на министерот, а потоа да ја прекинеме седницата, но ќе оставам простор утре сабајле во 9,00 часот надлежните комисии да одржат седница и во 11,00 часот да продолжиме со седницата.

Дали предлагачот се согласува со овој предлог. (Да).

Значи, утре во 9,00 часот да расправа Законодавно-правната комисија и надлежната комисија, а во 11,00 часот продолжуваме со оваа точка.

(Седницата прекина со работа во 15,46 часот)